**20250711530**

## АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА

Врз основа на член 150-а став 3 од Законот за лековите и медицинските средства („Службен весник на Република Македонија" бр. 106/07, 88/10, 36/11, 53/11, 136/11, 11/12, 147/13, 164/13, 27/14, 43/14, 88/15, 154/15, 228/15, 7/16, 53/16, 83/18, 113/18 и 245/18 и („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 28/21, 122/21 и 60/23), директорот на Агенцијата за лекови и медицински средства донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ЕВИДЕНЦИЈАТА НА ИЗРЕЧЕНИТЕ ОПОМЕНИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на евиденцијата на изречените опомени.

Член 2

Евиденцијата за изречените опомени се води во електронска форма и ги содржи следните податоци:

- реден број;
- број и датум на решението со кое е изречена опомената;
- име и презиме на лицето кое го сторило прекршокот за кој се изрекува опомена;
- живеалиште/престојувалиште;
- назив и седиште на работодавачот;
- законски основ на прекршокот;
- краток опис на прекршокот за кој се изрекува опомената;
- име и презиме на фармацевтскиот инспектор кој ја изрекол опомената и
- забелешка.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 03-3747/3
1 април 2025 година
Скопје

в.д. Директор,
**Сефедин Јонузи,** с.р.